# М И С Л Е Њ Е

## НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ЗА ИЗВЕШТАИТЕ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА ШТО ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2018

Надзорниот одбор на ТТК БАНКА АД Скопје ги разгледа извештаите на независниот ревизор „Грант Тортон“ и финансиските извештаи на Банката коишто вклучуваат биланс на состојба, извештај за сеопфатна добивка, биланс на успех, извештај за промени на капиталот и резервите и извештај за паричниот тек и прегледот на значајните сметководствени политики и објаснувачки белешки подготвени во согласност со регулативата на Народна банка на Република Северна Македонија.

Во извештаите на независниот ревизор се опишани предметните финансиски извештаи наведени погоре, опишана е одговорноста на раководството за нивно подготвување, одговорноста на ревизорите и изразено е мислење за финансиските извештаи.

Надзорниот одбор ги прифаќа извештаите на независниот ревизор во кои е искажано мислење дека финансиските извештаи на Банката ја прикажуваат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ТТК Банка АД Скопје на 31.12.2018 година, како и резултатите од работењето и паричните текови, во согласност со Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи издадена од страна на Народна банка на Република Северна Македонија.

Скопје, 27.2.2019 год. **НАДЗОРЕН ОДБОР**